*FOR IMMEDIATE RELEASE*
Мај 13,ти 2010
Press office: +389 (0)2 321 7060
Email: nstankovic@agbiz.com.mk

# СООПТШЕНИЕ ЗА МЕДИУМИ

## АгБиз програмата на УСАИД и КРРМ ги презентираат наодите од истражувањето на регулативата и праксата за сезонско вработување во агробизнисот

Во Четврток 13-ти мај, 2010, АгБиз програмата на УСАИД и Конфедерацијата на Работодавачи на Република Македонија (КРРМ) на тркалезна маса ги презентираа наодите од Истражувањето на регулативата и праксата за сезонското вработување во агробизнисот.

Целта на оваа истражување беше: анализа на законите поврзани со сезонско вработување од страна на компаниите од агробизнисот; дефинирање на правата и обврските на сезонските работници и работодавачите, вообичаени начини за вработување на сезонски работници и казни за нелегално вработување; идентификување и презентација на решенија / модели за сезонско вработување во агробизнисот во други земји; оценка на влијанието врз извозната конкурентност на македонските фирми и сезонските работници во однос на почитување на сегашните закони за работни односи и социјални бенефиции; препораки за корекција на законот за вработување и сродните закони како и прописите за вработување на сезонските работници со цел значително намалување на негативното влијание на двете страни, на работодавачите и работниците.

"Со цел ефикасно работење на пазарите на труд кои се однесуваат на сезонските вработувања во агрибизнисот, сезонските работници мора да имаат можност да ги менуваат работните места и/или пак од време на време да не работат во фирма или пак други претприемачки активности. Ние веруваме дека предложените решенија дадени во истражувањето ќе бидат разгледани и се надевам имплементирани од страна на релевантните институции."; рече: Васко Хаџиевски, директор на АгБиз програмата на УСАИД.

Од март 2007 година, Програмата АгБиз работи со повеќе од 180 компании во полето на агри-бизнисот, и тоа во четири сектори: свежо овошје и зеленчук, вино, преработен зеленчук и собирање на самоникнати шумски видови. До денес, Програмата АгБиз обезбеди поддршка за 25 организации на производители, четири трговски асоцијации; обучи преку 1200 лица; им помогна на компаниите од агри- бизнисот да потпишат нарачки за извоз во вредност од 10,3 милиони евра и им помогна на 36 агри-бизниси да идентификуваат потреба од финансиски средства од $6,9 милиони долари. За повеќе информации, посетете ја веб страницата: www.agbiz.com.mk.

### БЕЛЕШКА ДО УРЕДНИЦИТЕ:

**Американскиот народ, преку УСАИД, има инвестирано преку 500 милиони долари во Македонија, започнувајќи од 1993 година.** УСАИД имплементира проекти кои креираат работни места, ја намалуваат корупцијата и ги подобруваат вештините за вработување кај македонските студенти. Овие иницијативи го подобруваат квалитетот на животот и ја поддржуваат македонската транзиција кон една стабилна и просперитетна демократија. УСАИД обезбедува економска и хуманитарна помош во преку 100 земји. За повеќе информации, посетете ја веб страницата: http://macedonia.usaid.gov.